**20231011914**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 92 став (6) и 97 став (2) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 7/2008, 124/2010, 17/2011 и 13/2013 и Службен весник на Република Северна Македонија 103/2021) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата одржана на ден 27.4.2023 година донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИН И ВРЕМЕ НА ПРЕНОС НА СРЕДСТВА КАЈ ДОБРОВОЛНИТЕ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

### Општи одредби

Член 1

Со овој правилник поблиску се пропишуваат:

а) времето и начинот за пренос на средствата на учесник во професионална пензиска шема на кој му престанал работниот однос или членството кај еден осигурител и доколку осигурителот ја укине професионалната пензиска шема и

б) начинот и датумите на пренос на средствата помеѓу доброволните пензиски фондови со кои управуваат различни друштва за управување со доброволни пензиски фондови и/или друштва за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови (во натамошниот текст: друштва) и видот на податоците што се доставуваат.

### Пренос на средства од една на друга доброволна индивидуална сметка

Член 2

Средствата од доброволната индивидуална сметка во еден доброволен пензиски фонд се пренесуваат на доброволна индивидуална сметка во друг доброволен пензиски фонд, кога член на постоен доброволен пензиски фонд стане член со склучување на договор за членство во друг доброволен пензиски фонд согласно закон.

### Пренос на средства од една на друга професионална сметка или од професионална на доброволна индивидуална сметка

Член 3

(1) Средствата на учесник на професионална пензиска шема на кој му престанал работниот однос кај работодавачот или членството во здружение на граѓани кое е организатор на професионална пензиска шема се пренесуваат:

а) од една на друга професионална сметка, доколку новиот осигурител каде е вработен членот има организирано професионална пензиска шема и членот е учесник во шемата;

б) од професионална сметка на доброволна индивидуална сметка доколку членот има доброволна индивидуална сметка и доколку новиот осигурител каде е вработен членот нема организирано професионална пензиска шема или членот не е учесник во шемата која ја има организирано новиот осигурител; и

в) од професионална сметка на доброволна индивидуална сметка доколку друштвото му отвори доброволна индивидуална сметка на членот, по добиена информација од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата).

(2) Средствата на учесник на професионална пензиска шема се пренесуваат од една на друга професионална сметка во случај на пренос на професионалната пензиска шема од еден во друг доброволен пензиски фонд.

(3) Кога член на доброволен пензиски фонд е учесник на две професионални пензиски шеми средствата се пренесуваат од една на друга професионална сметка во доброволниот пензиски фонд кој е избран од страна на членот. Доколку членот, во рок од 90 дена од известувањето од друштвата кои управуваат со пензиските фондови не избере доброволен пензиски фонд, средствата се пренесуваат од една на друга професионална сметка во доброволниот пензиски фонд во кој е извршена првата уплата.

**Начин и време на пренос на средствата**

Член 4

Друштво кое управува со постојниот доброволен пензиски фонд ги пренесува средствата од доброволната индивидуална сметка на членот во идниот доброволен пензиски фонд на првиот датум на пренос кој следи по доставување на известувањето и доказот за платен надоместок за премин.

Член 5

Во случај на член 3 став (1) точка а) од овој правилник, друштвото кое управува со доброволниот пензиски фонд во кој членот има професионална сметка ги пренесува средствата на професионална сметка во доброволниот пензиски фонд во кој се води професионалната пензиска шема на новиот осигурител на првиот датум на пренос кој следи по датумот на вклучување во професионалната пензиска шема кај новиот осигурител.

Член 6

Во случај на член 3 став (1) точка б) од овој правилник:

а) друштвото кое управува со доброволниот пензиски фонд во кој членот има професионална сметка ги пренесува средствата на доброволната индивидуална сметка на членот на првиот датум на пренос кој следи по барањето на членот за пренос на неговите средства;

б) доколку лицето во рок од 90 дена од престанокот на работниот однос или членството во здружение на граѓани, не стане учесник на професионална шема кај друг осигурител и има доброволна индивидуална сметка во доброволниот пензиски фонд во кој има професионална сметка, друштвото кое управува со тој доброволен пензиски фонд ги пренесува средствата од професионалната на доброволната индивидуална сметка на првиот датумот на пренос. кој следи по изминување на90- те дена од оваа точка; и

в) доколку лицето во рок од 90 дена од престанокот на работниот однос или членството во здружение на граѓани, не стане учесник на професионална шема кај друг осигурител и нема доброволна индивидуална сметка во доброволниот пензиски фонд во кој има професионалната сметка, друштвото кое управува со тој доброволен пензиски фонд ги пренесува средствата од професионалната на доброволната индивидуална сметка на првиот датумот на пренос кој следи по добивањето на информација од Агенцијата за доброволниот пензиски фонд во кој членот има доброволна индивидуална сметка.

Член 7

Во случај на член 3 став (1) точка в) од овој правилник, друштвото кое управува со доброволниот пензиски фонд во кој членот има професионална сметка, по добивањето на информацијата од Агенцијата дека членот нема доброволна индивидуална сметка, веднаш отвора доброволна индивидуална сметка и ги пренесува средствата од професионалната сметка на доброволната индивидуална сметка на првиот датум на пренос кој следи по отворањето на сметката.

Член 8

Во случај на член 3 став (2) од овој правилник друштвото кое управува со постојниот доброволен пензиски фонд во кој членот има професионална сметка ги пренесува средствата на професионалната сметка во идниот доброволен пензиски фонд на првиот датумот на пренос кој следи по потпишување на договорот за организирање и финансирање на професионална пензиска шема помеѓу осигурителот и друштвото кое управува со идниот доброволен пензиски фонд.

Член 9

Во случај од член 3 став (3) од овој правилник:

а) друштвото кое управува со доброволниот пензиски фонд, кој не е избран од страна на членот, во кој е вклучена професионалната пензиска шема ги пренесува средствата на професионалната сметка во доброволниот пензиски фонд кој е избран од страна на членот на првиот датумот на пренос кој следи по изборот;

б) доколку членот не избере доброволен пензиски фонд, друштвото кое управува со доброволниот пензиски фонд во кој не е извршена првата уплата ги пренесува средствата на професионалната сметка во доброволниот пензиски фонд во кој е извршена првата уплата на првиот датумот на пренос кој следи по истекот на 90 дена од известувањето од Агенцијата.

Член 10

Датум на пренос е секој последен работен ден во месецот.

Член 11

Износот на средствата кој се пренесува се пресметува според вредноста на сметководствената единица на денот кој претходи на датумот на пренос.

Член 12

(1) Заедно со средствата кои се пренесуваат, друштвото кое управува со постојниот доброволен пензиски фонд ги пренесува во идниот доброволен пензиски фонд сите поврзани податоци од професионалната сметка, односно доброволната индивидуална сметка.

(2) Друштвата меѓусебно го договараат начинот на порамнување на средствата и преносот на податоците на датумот на пренос.

(3) Преносот треба да се изврши во услови кои обезбедуваат сигурност и заштита на податоците од професионалната, односно доброволната индивидуална сметка.

Член 13

(1) На датумот на пренос друштвото го известува чуварот на имот и дава налог за пренос на нето износот што едното друштво треба да го пренесе во другиот доброволен пензиски фонд, врз основа на направената пресметка.

(2) Врз основа на налогот, чуварот на имот веднаш го пренесува потребниот нето износ на сметка на идниот доброволен пензиски фонд.

(3) Друштвата доставуваат известување до Агенцијата во врска со извршениот пренос на податоците и начинот на порамнување на средствата на последниот ден од месецот. Известувањето до Агенцијата ги содржи податоците наведени во Извештајот за пренос на средства согласно Техничкото упатство за доставување на годишна архива и извештаи од базите на податоци кои ги одржуваат пензиските друштва.

**Завршни одредби**

Член 14

(1) Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

(2) Со влегување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начин и време на пренос на средства кај доброволните пензиски фондови („Службен весник на Република Македонија“ број 138/2008).

Бр. 01-677/3
28 април 2023 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Максуд Али,** с.р.